USAID/ Primary Education Project

**БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ БР. ТФ 02**

Врска: УСАИД Проект за основно образование 165-А-00-06-00101-00 и Македонски Центар за Граѓанско Образование

Предмет: Барање за прибирање на понуди бр. ТФ 02. за Дигитален Апарат

Почитувана Господо,

Академијата за развој на образование (АЕД), имплентатор на Проектот за основно образование финансисран од УСАИД/Македонија и Македонскиот Центар за Граѓанско Образование (МЦГО) бараат понуди од понудувачи што можат да испорачат дигитални фотоапарати за потребите во основните училишта во Република Македонија.

Договорот ќе биде доделен во согласност со правилата за набавки на УСАИД и на МЦГО.

Доколку одлучите да доставите понуда тоа треба да го сторите по пат на емаил до Игор Цветановски на адреса icvetanovski@pep.org.mk или по пошта на следната адреса:

УСАИД/АЕД Проект за основно образование
Македонски Центар за Граѓанско Образование
Букурешка 91
1000 Скопје

Крајниот рок за прием на понудата е 25.07.2008 до 14 часот.

Понудата треба да биде составена од два дела, финансиски и технички дел.

Доделувањето на договорот за таа набавка ќе биде извршено врз основа на задоволувањата на барањата на набавувачот за најдобра вредност.

Со доставувањето на оваа барање на понуда АЕД и МЦГО не превземаат никаква обврска за доделување на договорот ниту обврска за надокнадување на трошоците што настанале за подготвување и доставување на понудите. АЕД и МЦГО го задржуваат правото да одбијат било која понуда или сите понуди, да доделат договор за дел од барањето,

да го поделат барањето и доделат одделни договори, како и да преговараат со било кој понудувач.

Услови на набавката

**1. Извор на средствата**

Изворот на средствата за таа набавка е договорот бр. 165-A-00-06-00101-00 помеѓу АЕД и УСАИД И МЦГО

**2. Потекло на производите**

Било која земја освен овие кои спаѓаат во забранети земји согласно надворешната политика на САД: Иран, Ирак, Северна Кореја, Лаос, Куба и Либија, се подобни земји на потекло на понудените производи. Преферирана земја на потекло е САД. Земјата на потекло мора да биде наведена во понудата.

**3. Количина и опис на производот**

А/ Количина: 70 парчиња (Количината може да варира во зависност од понудените цени и расположливите средства за набавката).

Б/ Опис на производот - Дигитален фотоапарат

Намената на дигиталниот фотоапарат е за разни школски активности во основните училишта.

- Основни технички карактеристики:
    - Мин. 5 мегапиксели
    - 3-4х оптички зоом
    - 3-4х дигитален зоом
    - ЛЦД екран
    - Треба да има можност за видео снимање
    - Капацитет за складирање 2ГБ
    - УСБ конекција за секаков вид компјутери
    - Комплет со торбичка за носење и сите неопходни делови и прибор




(Ова слика служи само за илустративна цел, не значи преферирана марка, тип, или модел на дигитален фотоапарат)

## 4. Финансиска понуда/Цена и услови на испорака

Во понудата посебно да бидат изразени цената на производот и данокот на додадена вредност (ДДВ).

Понудата да биде дадена во Македонски Денари (МКД).

Понудениот рок на испорака да се смета во денови од датата на склучувањето на договорот.

Испораката ке треба да биде извршена на следната адреса:
УСАИД/АЕД Проект за основно образование/
Македонски Центар за Граѓанско Образование
Букурешка 91
1000 Скопје

## 5. Технички дел на понудата

Кон понудата да бидат приложени краток технички опис на производот и соодветна техничка документација (каталози, проспекти, брошури, прирачник за употреба и сл.)

## 6. Важност на понудата

Понудата треба да биде со важност од 60 дена од датата на нејзиниот прием кај нас.

## 7. Плаќање

Плаќањето ќе биде извршено во Македонски Денари (МКД) на банкарска сметка на добавувачот врз основа на оригинална фактура и други документи според договорот непокасно од триесет (30) календарски дена од датата на испораката на нарачаните квалитет и количини на стоки на назначеното место.

Фактурата мора да ги содржи битните елементи како број и дата на фактурата, број и дата на договорот, и сумата во МКД (цената на стоката и ДДВ мора да бидат јасно издвоени). Фактурата треба да има печат и да биде потпишана од овластено лице.

Авансни и делумни плаќања нема да се вршат.

## 8. Техничка гаранција

Периодот на техничката гаранција треба да биде минимум 24 месеци. Во понудата треба да бидат наведени сите поединости и услови во врска со техничката гаранција.

## 9. Оценка и избор на најповолната понуда

Понудите ќе бидат оценувани врз основа на следните елементи:

а) Комплетност на понудата;
б) Цена;
ц) Техничка соодветност на понудените производи;
д) Време и услови на испорака;
е) Техничка гаранција;

## 10. Задоцнета понуда

Понудите добиени после крајниот рок за доставување нема да се разгледуваат.

## 11. Јазик

Понудите да бидат на Македонски Јазик.

## 12. Дополнителни информации

Во случај на потреба за дополнителни информации или појаснувања ве молиме контактирајте го Игор Цветановски на e-mail icvetanovski@pep.org.mk или тел. 3061620, локал 207.

Ве молиме потврдете го приемот на оваа барање и известете не дали ќе доставите понуда.

Во очекување на идна соработка,

Остануваме,

Искрено Ваши,

Кит Прентон
Директор на Проектот за основно образование